

Фотографија: М. Димоски Димес

Игор Тошевски, *Од блокот*, 1987, туш на хартија

роци со средени каталошки белешки, а од друга неорганизирано натрупани и нафрлани, каталошки необработени два купа цртежи сместени во две застаклени и затворени витрини. Со ова се јавува извесна недоумица која може да го засегне вистинитото толкување на самите цртежи; уште поточно, со тоа се отежнува восспоставувањето на вистинитата комуникација со овој вид сликарство. Лазо Плавевски, автор на предговорот во каталогот и на поставката, добро ја забележува измената на судбината на уметничкото дело кога тоа се поставува во некој „друг простор“ надвор од просторот каде што е создавано, или, како што тој пишува, надвор од „претходните простори“. Ова место е дотолку почувствително кога станува збор за *избор* на цртежи (какви што се овие) што се исклучиво врзани за простор кој е локација на преживувањето на целосниот интензитет на внатрешниот живот на уметникот.

Во оваа смисла, која од посочените две концепции подобро ја допира суштината на творештвото од „претходните простори“ на Игор Тошевски?

# Дискурс за едноста

(Изложба на Патрик Дузе, Галерија „Стоби“, Скопје, јуни 1994)

КОГА ТВОРЕЧКИОТ концепт се движи по граничната линија меѓу општото и личното секогаш се јавува дилемата за вистинитоста. Поточно, дилемата се сведува на прашањето: дали вистинитоста се антиципира во општото или во личното. Класичното децидно се определува за општото; модерното, пак, за личното. Патрик Дузе (Patrick Doezé) во циклусот дела од последните неколку години, поместени во Галеријата „Стоби“ во текот на месец јули, ја истражува можноста за изнаоѓање дискурс за нивна едност.

**Кажувања (или за Патрик Дузе)**

*Кажување прво: Возејќи мотор.* (локација: текст во каталогот). Дузе во овој текст говори за сопственото доживување на возењето мотор — неговата дамнешна страст. Минуциозно опишаното возење започнува со „понирањето во аголот, во десната лента во песокот или калта“; следат постапките потребни моќната машина да се стави под контрола, да се постигне рамнотежа, да се одбере потребната положба, брзина, двиг… сè до моментот на губење на фрикцијата и — скок „два, три метри над земјата со брзина поголема од дозволената, мислејќи во чиста форма и значење“.

*Кажување второ: Испитувајќи се себеси.* (локација: делата под стакло). На ксероксираните фотографии врамени во стакло претстава на Дузе во момент на скок на една од неговите мото-крос трки: на помалата испишан текст кој говори за принципите на творештвото — оние со кои Дузе се согласува и ги прифаќа; во единечните делови од триптихот „2,5 секунди летање“ се јавува истата ксероксирана фотографија

(овој пат зголемена) — широчината на трите стакла споени заедно одговараат на широчината на неговите раменици, додека нивната височина одговара на неговата. Оваа височина се јавува во мултиплицираните седум застаклени рамки („Десет години размислување") во кои Дузе ја исцртува/исликува десната половина од својата контура: во втората оддесно поставен е црвен дебел конец, додека последната е до врвот исполнета со струганици и весници. Овие контури повторно се јавуваат во диптихот „Размислувајќи за иднината", овој пат тие контури (со вистински големини) го претставуваат Дузе со неговата идна сопатничка.

*Кажување трето: Доживувајќи ја Македонија.* (локација: делата во излог). „Добре дојдовте во Македонија" е една асемблажна структура поставена на црвено обоена подлога составена од застаклена кутија со извесно количество грав, кутија со ксерокс-копија на цртеж на слон, кутија со парче црвен дебел конец и кутија во која е сместена потврдата дека Патрик Дузе е студент на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.

## Обликувања (или за ликовноста)

Основната обликувачка транспозиција на концептот Дузе ја спроведува со конструкција на дебели и широки рамки, која е застаклена. Настојувајќи да ја следи обликувачката логика на сопствениот израз, тој посега по овие конструкции за да го надополни, поткрепи или конечно реализира, својот појдовен концепт: растојанието меѓу стаклото и подлогата треба да формира еден свој, внатрешен волумен. Во него тој потоа поставува (или употребува) материјали со различно потекло: еднаш тоа се ксерокс-копии, другпат струганици, весници, а третпат готови предмети. И тогаш кога слика, тоа го изведува преку нив, или оди спротивно од востановените норми и техники, а сè со цел да го надмине вообичаеното толкување на сликарскиот медиум. Кога во делото „Десет години размислување" го исполнува овој волумен, тоа еднаш е затегнат дебел црвен конец, другпат исполнување со струганици, а третпат тоа се контури кои се изведени со боен потег, од колаж на весници, пресликани струганици. Уште повеќе, поставувањето на една патна торба и сандаче за прва помош го нагласува присуството на готови предмети, што за момент оддава впечаток на некохерентност во постапката.



Фотографија: Б. Иванов

Патрик Дузе, *Десет години размислување*, 1993/94, комбинирана техника

## Интерпретации

Кога на почетокот беше спомнато истражувањето на Дузе на можноста за изнаоѓање дискурс за едноста на општото и личното, тоа требаше да ги определи неговите дела како бивалентни. Кажувањата се врзани за аспектот на личното, додека Обликувањата за начинот (или постапката) на ликовната транспозиција, односно определувањето на рамништето на нивната општост.

*Десет години мислење.* Првото кажување се однесува на личното доживување на еден настан, второто за личното доживување на самиот себеси, додека третото за личното доживување на еден конкретен простор. Во сите нив се искажува авторовиот внатрешен мотив кој е придвижувачка сила во неговото уметничко обликување. Тој ги обмислува случувањата околу него како мали, лични сказни, главно врзани со нивното интимно доживување; тој говори за светот на своите видувања. Оттука, *Кажувањето прво* (иако текстуално транспонирано) има вредност на ликовен елемент ток-



Фотографија: Б. Иванов

Патрик Дузе, од изложбата во Галеријата „Стоби“, јуни 1994

му заради поврзувањето на концептното што се провлекува во сите дела. Тоа го засилува концептното и го издигнува како уметнички елемент. *Кажувањето второ* е поткрепено уште и со поставувањето на авторовата патна торба или сандачето за прва помош како реминисценции на два настана од неговиот живот: првата кога патува, втората кога се повредува и за извесен период престанува да се натпреварува на мото-крос трките. *Кажувањето трето* се однесува на неговите први впечатоци по пристигнувањето во Македонија.

*2,5 секунди летање.* Постапката избрана за обликување на овој концепт упатува на материјализација на овие доживувања. Дузе колку и да сака да говори само за личното, толку и кодовите што ги употребува го определуваат на рамниште надвор од наративното и дескриптивното.

Застаклените кутии се конструкција на одреден (материјален) простор кој треба да го претставува внатрешниот свет на авторот. Овој свет има своја интима, постигната со извесното оддалечување на стаклото од подлогата. Поради тоа, тој од една страна се чини лесно дофатлив (поради транспарентноста на стаклото), а од друга недопирлив (поради непробивноста на подлогата).

Изведеното исликување, работата во колажната постапка, употребата на основните бои (од кои доминантни се црвената и сината), акумулирањето на струганиците или редуцирањето на ликовното на еден затегнат дебел црвен конец, од друга страна посочува на изнајденото решение како поинаку да се претстави личното.

Сè ова упатува на дистинкцијата, од една страна, и кохеренцијата, од друга, на изнаоѓањето на дискурсот за едноста на општото и личното. Дузе не се занимава со категоријата на општото од аспект на класичното, ниту со категоријата на личното од аспект на модерното. Концептот на личното заради не-транспонирањето преку психограмите, личната митологија или авторефрентноста (самопоставувањето) го оддалечува од Волс (Wols), Ворхол (Warhol) или Гилберт и Џорџ (Gilbert and George), на пример, а со тоа и од модерното. Концептот на општото поништен со постапката која делува со елементи на отсуство на наративното и дескриптивното, уште повеќе со отсуство на претставувачкото, го оддалечува пак и од класичното.

Поставено во вакви дихотомични и антиподни рамки антиципирањето на вистинитоста за Патрик Дузе е во воспоставувањето на дискурсот за едноста на овие два појдовни концепта. Преку дијагоналниот преплет на основните значења на овие концепти со нивната замена во појавниот облик на уметничката транспозиција, тој едновремено и ги поништува (општото поставено на рамниште на материјалност, а личното поставено на рамниште на концепт), со што едноста, како дискурс, претставува само нивна далечна реминисценција.